171.

5 АВГУСТ 1965

КУЛТУРЕН ЖИВОТ

Охридски ликовен салон

ЕКСПРЕСИОНИЗМОТ НА ИГОР ВАСИЛЕВ

Во рамките на Охридскиот летен салон е отворена покрај изложбата „Десет македонски современи македонски уметници", и изложба на творби од експресионистичкиот сликар Игор Василев.

Животниот круг на Игор Василев се затвори пред портите на средновековната деспотска задолжбина Манасија, каде што тој беше тргнат да го бара одзвонувањето на словенското или византиското прапостоење низ живописот на средновековните зографи. Се втопи во Морава, кога имаше само 26 години и две самостојни изложби, сигурна подршка од, тогаш авангардната, белградска ликовна критика, широко отворени вратите на УЛУС, иако академијата за ликовна уметност му го откажа своето гостопримство. Впрочем, весници на блискиот крај, кон кого тој чекореше, не населија и во неговите последни слики: задушници и распијатија, темни калуѓерски одежди со призвук на смрт. Во тие мотиви го најде своето место и Охрид, при едно од неговите последни патувања, во 1953 година.

Објективната компонента за неговото дело е хронолошки детерминирана: тоа е време на вжештени естетски дискусии, отфрлување на вулгарната униформираност, отворање на нови ликовни патишта (1950-1953 год). Индивидуалните афинитети го водат кон Ван Гог и Едвард Мунк, Русо Цариник и Шагал, што само по себе покажува дека за него пластичниот јазик е подреден на содржината, дека формалниот, артистички аспект на сликата не е се, а може да постои само ако открива и подржува извесна животна драма.

Игор Василев минува покрај Ван Гог, заљубен во неговата нервозна, пастузна егзекуција, со снажно одредена внатрешна содржина; кај Едвард Мунк го открива нордискиот свет на авети и смрт, осаменост и стринбергов-ски внатрешни потреси, минува покрај Русо Цариник, но неговиот наивен дух го обојува со потсмешливост што се завршува со цинизам. Шагал го разбудува руското порекло на Игор Василев, го враќа кон словенскиот мит, проткаен со јужноруска минстика, отварајќи му пат кон трагичните теми, присатни во средновековната уметност. Извонредната надареност да го акцептира пластичниот јазик на други уметници, Игор Василев не го доведе во епигонство. Кога отпочнува копирање на икони, неговите копии постануваат уметнички дела со нова димензија, оплеменети од неговиот сликарски еквивалент.

Отфрлајќи го артизмот сам по себе, него го опседнува исклучиво светок на чувствата и човечката драма. Ако е тоа и неговата лична драма тогаш е таа втопена во мистичност, која го наговестува неговиот крај, ако е понесен од друга тема тој се потсмевнува, прави карикатура или бурлеска, но никогаш не нормализира.

Во основа експресионистички сликар, приврзан кон третманот на животни манифестации во различни видови, Игор Василев не го доживува покаснешниот снажен продор на нефигуративното сликарство. Ја покажа својата даровитост, наговести еден свет на трагична внатрешна драма и нестама.

Цветан Грозданов